Машински факултет
Број 02-962/3
15.10.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 74 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019) и точка 4 од Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година, во согласност со основниот текст на Одлуката број 02-962/1 од 27.08.2020 г. И измените и дополнувањата на Одлуката број 02-962/2 од 15.10.2020 г., Деканот на Факултетот, на 15 октомври 2020 година, го утврди следниов

# О Д Л У К А
## за начинот на реализација на наставата на Факултетот во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година
## **- Пречистен текст -**

1. Со оваа одлука се утврдува начинот на реализација на наставата на прв, втор и трет циклус студии на Машинскиот факултет во Скопје во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година.

2. Наставата на Факултетот (предавања, вежби, консултации, семинарски работи, домашни задачи, проекти и сл.), во зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година ќе се изведува on-line, исклучиво преку платформата Microsoft Teams.

3. Наставата на прв циклус студии задолжително ќе се изведува во термините определени со Распоредот на часови за зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година, а на втор и трет циклус на студии во термини кои ќе ги определи предметниот наставник.

4. При реализација на наставата наставниците и соработниците имаат обврска да креираат Листа на присутни, како доказ за одржана настава и за евиденција за присутност на студентите. Согласно евиденцијата студентите ќе го остварат правото за добивање потпис по наставниот предмет, според условите за добивање потпис пропишани со предметната програма.

5. Се забранува снимање на наставата при нејзиното одржување. Неовластеното снимање, дистрибуцијата и споделување на неовластено снимени содржини претставува повреда на авторски права, како и повреда на заштита на личните податоци.

5а. За повредите од точка 5 на оваа одлука ќе бидат поведени соодветни постапки.

5б. Снимените содржини до денот на донесувањето на оваа одлука да бидат избришани од организаторите на снимањето, како и од страна на студентите на кои им била достапна снимената содржина по соодветниот наставен предмет.

6. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката да се достави до: наставниците, студентите, студентска служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

207